**2023031542**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 96 од Законот за шумите („Службен весник на Република Македонија" бр. 64/09, 24/11, 53/11, 25/13, 79/13, 147/13, 43/14, 160/14, 33/15, 44/15, 147/15, 7/16 и 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 274/22), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 7 февруари 2023 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА ПРОШИРЕНА РЕПРОДУКЦИЈА НА ШУМИТЕ ЗА 2023 ГОДИНА

I

Со оваа програма, согласно Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.282/22), Раздел 14001 - Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Програма 2 - Шумарство, Потпрограма 20 – Шумарство, Ставка 485 – Вложувања и нефинансиски средства, се утврдува изворот и износот на средствата, видот и обемот на работите и мерките кои ќе се финансираат, извршителите на работите, како и начинот на исплата на средствата за извршени работи во 2023 година.

II

За извршување на работите и мерките од дел I од оваа програма, се утврдува изворот и износот на средствата и тоа:

| Ред. број | Извор | Износ (денари) |
|---|---|---|
| 1. | Буџет на Република Северна Македонија | 20.000.000,00 |
| Вкупно: | | 20.000.000,00 |

III

Средствата од дел II од оваа програма во износ од 20.000.000,00 денари ќе се користат за следните работи/мерки:

| Ред. бр. | Вид на работа / мерка | Извршител | Количина и единечна мерка | Цена по единечна мерка (денари) | Износ (денари) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Пошумување на голини и ерозивни земјишта во: | | | | |
| 1.1 | - државна сопственост | ЈП „Национални шуми" | 23,00 ха | 85.000,00 | 1.955.000,00 |
| 1.2 | - приватна сопственост | Сопственици на шуми во приватна сопственост | 20,00 ха | 85.000,00 | 1.700.000,00 |
| 2. | Отстранување на последиците од шумски пожари на површина над 50 ха во рамките на една шумско стопанска единица преку вештачка обнова | ЈП „Национални шуми" | 153 ха | 100.000,00 | 15.300.000,00 |
| 3. | Превентивна заштита на шумите и шумските култури преку организирана Извештајно дијагнозно прогнозна служба (ИДП служба) | Шумарски факултет Скопје | / | / | 1.000.000,00 |
| 4. | Промотивна кампања за подигање на јавната свест за превентивна заштита на шумите од пожари | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство | / | / | 45.000,00 |
| Вкупно: | | | | | 20.000.000,00 |

Пошумување на голини и ерозивни земјишта во државна сопственост од точка 1 потточка 1.1 од табелата на овој дел, ќе се врши првенствено на локации со поголеми површини и кои се во состав или во непосредна близина на постоечките шуми,

Пошумување на голини и ерозивни земјишта со садници од точка 1 потточка 1.2 од табелата на овој дел, ќе се врши на локации кои се поголеми од 0,50 ха кои се во приватна сопственост.

Пошумување на голини и ерозивни земјишта во приватна сопственост од ставот 3 на овој дел ќе се врши преку објавување на јавен повик за прибирање на барања за доделување на финансиски средства, кој ќе се објави од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на веб страната www.mzsv.gov.mk, во период од 15 до 29 март 2023 година.

Доделувањето на финансиските средства од ставот 4 на овој дел се остварува со поднесување на барање до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, од барателите, во рок од 15 дена од денот на објавувањето на јавниот повик, кое е дадено во Прилог кој е составен дел на оваа програма .

Еден сопственик на шума може да поднесе само едно барање за доделување на финансиски средства од оваа програма.

Кон барањето од став 5 на овој дел, барателот на шума во приватна сопственост треба да ги достави следните документи:

- Оперативно-стручна програма за пошумување изработена од шумарски инженер, во која се наведуваат основните податоци за локалитетот (КП и КО) и подетални податоци за обемот и видот на работата, техниката на засадување, видот на садниците, времето на реализација на работите и други важни податоци за потребите за пошумување на земјиштето,
- Имотен лист оригинал (не постар од шест месеци),
- Копија од катастарски план (скица),
- Изјава за согласност за обработка на лични податоци,
- Копија од важечка лична карта и
- Копија од бројот на трансакциска сметка на барателот на која ќе се врши исплатата.

Барањето за доделување на финансиски средства може да се обезбеди преку веб страната на Министерството www.mzsv.gov.mk.

Барањето се доставува во еден оригинален примерок во писмена форма, потпишан од страна на барателот.

За постапување по поднесените барања за доделување на финансиски средства од точка 1 потточка 1.2 од табелата на овој дел, поднесени согласно оваа програма, од страна на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство се формира Комисија составена од три члена и нивни заменици од редот на вработените во Министерството.

Комисијата од ставот 10 од овој дел, по пристигнувањето на сите барања во рокот од став 5 на овој дел, ги известува барателите кои не доставиле комплетна документација, да ги докомплетираат истите во рок од седум работни дена.

Барателите кои не доставиле уредна и комплетна документација од ставот 7 од овој дел, нема да бидат наведени во листата од став 13 од овој дел.

Комисијата од ставот 10 од овој дел, по истекот на рокот од ставот 11 на овој дел, со записник го утврдува точниот број на пристигнати барања и изготвува листа на баратели кои имаат уредна и комплетна документација подредени согласно рокот на доставување на комплетно барање врз основа на принципот „прв дојден, прв услужен“, односно по редослед на поднесување и пристигнување на барањата во архивата на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Врз основа на листата на баратели од ставот 13 на овој дел, барателите кои ќе бидат финансирани од оваа програма, ќе бидат известени по писмен пат за денот на потпишување на договор за финансирање кој ќе се склучи помеѓу корисникот на средствата и министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Отстранување на последиците од шумски пожари од точка 2 од табелата, ќе се врши на површина над 50 ха во рамките на една шумско стопанска единица преку вештачка обнова со пошумување со садници.

За реализација на мерките од точките 1 потточка 1.1 и точка 2 од табелата, извршителот на работите доставуваат до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство оперативно - стручна програма, во која се наведуваат основните податоци за локалитетот (Шумско стопанска единица или КП и КО) и подетални податоци за обемот и видот на работата, техниката, времето на реализација на работите и други важни податоци. За секоја шумско стопанска единица или КО се поднесува посебна Оперативно-стручна програма.

Превентивна заштита на шумите и шумските култури од растителни болести и штетници од точка 3 од табелата, ќе се врши со превентивна заштита на шумите и шумските култури од потенцијални штетници кои можат да загрозат поголеми шумски простори, организирана преку Извештајно дијагнозно прогнозната служба (ИДП службата) за шумите во Република Северна Македонија при Шумарскиот факултет – Скопје, која до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство ќе достави Извештај за здравствената состојба на шумите во Република Северна Македонија за 2023 година, со предлог мерки за понатамошно делување.

Промотивна кампања за подигање на јавната свест за превентивна заштита на шумите од пожари од точка 4 од табелата ќе се врши преку објавување и печатење на инструкциите, протоколите, плановите, материјалите за обука, насоките и други материјали од обласа на управувањето со пожари на отворен простор, како и за техничко одржување и хостирање на веб страницата на Министерството на земјоделство, шумарство и водостопанство за подигање на јавната свест за заштита на шумите од пожари.

IV

Исплата на средствата за реализација на работите од дел III од оваа програма, ќе се врши врз основа на склучени договори помеѓу Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и извршителите на работите и врз основа на документација за извршени работи.

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на извршителите на работите од точка 3 од табелата, за вршење на теренски увиди на локалитети на цела територија на Република Северна Македонија за следење на здравствената состојба на шумите и шумските култури од болести и штетници, ќе им исплати аванс во висина од 30% од утврдената сума, по потпишување на договорите.

Во случај на неисполнување на активностите за кои авансно се исплатуваат средствата, извршителот на работите добиените средства ги враќа во Буџетот на Република Северна Македонија на начин утврден во договорот.

V

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-1369/5
7 февруари 2023 година
Скопје

Прв заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Artan Grubi,** с.р.

ПРИЛОГ

БАРАЊЕ

за доделување на финансиски средства за пошумување на голини и ерозивни земјишта во приватна сопственост од Програмата за проширена репродукција на шумите за 2023 година

Податоци за барателот:

ИМЕ И ПРЕЗИМЕ НА БАРАТЕЛОТ: _____________________________________________

ПОДАТОЦИ ЗА КОНТАКТ:

Адреса: ____________________________________________________________________

Телефон: ______________________ Е-маил: ______________________________________

Име и презиме                                        Потпис на барателот

ДАТУМ НА ПОДНЕСУВАЊЕ НА БАРАЊЕТО: _______________________________